# Означување на вашето гласачко ливче

## Означување на гласачко ливче во тајната папка

Ако гласате однапред или на денот на гласањето на гласачко место каде има технологија, ќе добиете гласачко ливче во тајната папка.

1. Однесете ја тајната папка во која се наоѓа гласачкото ливче позади мониторот за гласање.
2. Извадете го гласачкото ливче од тајната папка и означете X во белиот круг до името на кандидатот за кој сакате да гласате.
3. Ставете го означеното гласачко ливче назад во папката и однесете го до лицето покрај апаратот за гласање.
4. Почекајте додека го внесат вашето гласачко ливче во апаратот.

Ако згрешите во означувањето на гласачкото ливче, ставете го гласачкото ливче во папката и вратете го назад кај членот на избирачкиот одбор. Тие ќе ви дадат друго гласачко ливче.

## Означување на преклопено гласачко ливче

Ако гласате однапред или на денот на гласањето на гласачко место каде што нема технологија, ќе добиете преклопено гласачко ливче.

1. Однесете го гласачкото ливче позади параванот за гласање.
2. Отворете го гласачкото ливче за да ги видете имињата на кандидатите.
3. Означете X во белиот круг до името на кандидатот за кој сакате да гласате.
4. Повторно преклопете го означеното гласачко ливче и вратете го кај избирачкиот одбор за да ги провери иницијалите на задниот дел од ливчето.
5. Откако ќе биде проверено гласачкото ливче, истото ќе ви биде вратено за да го ставите во гласачката кутија.

Ако сте направиле грешка при означувањето на ливчето, преклопете го ливчето и вратете го на членот на избирачкиот одбор. Тие ќе ви дадат друго гласачко ливче.

## Означување на гласачко ливче со пополнување

Ако гласате во вашето гласачко место, ќе добиете гласачко ливче за пополнување.

1. Однесете го гласачкото ливче позади параванот за гласање.
2. Напишете го името и презимето на кандидатот за кого сакате да гласате на назначеното празно место.
3. Повторно преклопете го обележаното гласачко ливче и вратете го кај избирачкиот одбор за да ги провери иницијалите на задниот дел од ливчето.
4. Откако ќе биде проверено гласачкото ливче, истото ќе ви биде вратено за да го ставите во гласачката кутија.

Ако сте направиле грешка при пополнувањето на ливчето, преклопете го ливчето и вратете го на членот на избирачкиот одбор. Тие ќе ви дадат друго гласачко ливче.